**Влада на Република Северна Македонија**

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Сектор за анализа на политиките и координација – Одделение за соработка со НВО

18 ноември, 2019

# Извештај од процесот на консултации за утврдување на приоритетни области за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година

Согласно заклучоците од 16. седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 28.10.2019 година, а во врска со отворање на процес на консултации за утврдување на приоритетни области за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, Советот формираше работна група за предложување на приоритети за финансиска поддршка на граѓанските организации од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија во 2020 година, методологија и критериуми за распределба на средствата во состав: Гордана Гапиќ-Димитровска, Лилјана Јоноски, Ана Чоловиќ-Лешоска, Зоран Илиевски и претставник од Одделението за соработка со невладини организации. Членовите на работната група, на 1.11.2019 година, ги разгледаа Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2020 година, Предлогот од Одделението за соработка со невладини организации и електронските пораки доставени од неколку граѓански организации. На состанокот се дискутираше за потребата од донесување на нова Одлука за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија и членовите се согласија дека е потребно да се намалат бодовите предвидени за организациска структура и ресурси. Лилјана Јоноски достави и конкретни предлози за промена на критериумите за оценување на квалитетот на проектите кои беа од особено значење за Одделението за соработка со невладини организации.

Согласно препораките на работната група, Одделението за соработка со невладини организации на 5.11.2019 година до 6.740 граѓански организации достави известување за пополнување на online прашалник, со цел утврдување на потребите за финансиска поддршка на граѓанскиот сектор, преку транспарентен и инклузивен процес на консултации со граѓанските организации. Прашалникот беше дистрибуиран преку јавно достапна листа на граѓански организации на Централниот Регистар на Република Северна Македонија, а го пополнија вкупно 235 граѓански

организации, изнесувајќи ги своите видувања за неколку релевантни прашања. Така на пример, на прашањето: „Дали вашата организација во изминативе 10 години учествувала на Огласот за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија?“ потврдно одговори 81 граѓанска организација, додека 154 се изјаснија дека не учествувале на огласот во изминатите 10 години.




Понатаму, организациите требаше да ги наведат целите кои ги препознаваат како приоритетни области за финансиска поддршка од Владата на Република Северна Македонија во 2020 година, при што од страна на 80 организации беше наведено (1)„промовирање на европските вредности во процесот на пристапување во Европската Унија“, 97 организации како приоритетна област ја препознале (2)„унапредување на човековите права и јакнење на владеењето на правото“, 117 организации - (3)„воведување на концептот на еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, а особено во областа на образованието, здравството, социјалната заштита, работните односи и правосудството“, 76 организации - (4)„унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите“, 86 организации - (5)„Зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност, отчетност и инклузивност преку зголемено учество на граѓаните во донесувањето одлуки, поради подобрување на квалитетот на живеење“, 56 организации - (6)„Развивање на социјалното претприемништво“, 76 организации - (7)„Еднакво и квалитетно образование за сите и градење на концепт на доживотно учење“, 32 организации - (8)„Дигитална трансформација при испорака на услуги за граѓаните и бизнисите и подигнување на јавната свест за сајбер безбедност“, 60 организации - (9)„Намалување на влијанијата од климатските промени и постигнување на пониско ниво на емисија на штетни гасови“, 98 организации - (10)„Подигнување на јавната свест за значењето на животната средина и заштитата на климата и едукација на населението од областа на животната средина“, а 59 организации ја избрале опцијата (11)„друго“.




На прашањето: „Колку сметате дека треба да изнесува висината на поединечен грант за финансиска поддршка од Владата на Република Северна Македонија?“, 64 организации одговориле дека висината на поединечниот грант треба да изнесува 300.000,00 денари, 139 организации - 600.000,00 денари, а 32 организации ја избрале опцијата „друго“.




Во однос на прашањето „Дали сметате дека со Програмата за финансиска поддршка на здруженија и фондации треба да се поттикнува рамномерен регионален развој?“, 219 организации одговориле потврдно, а останатите 16 организации сметаат дека не треба да се поттикнува рамномерниот регионален развој.




Исто така, со цел воспоставување на редовна пракса на широки консултации за утврдување на приоритетите за финансирање на граѓанските организации од државата, Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат во соработка со Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), организираше три консултативни средби со граѓански организации во Скопје (12.11.2019), Битола (14.11.2019) и Штип (15.11.2019). На консултативните средби учествуваа 58 претставници на граѓански организации кои дискутираа за предлог-приоритетните цели за Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2020 година, основните организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат граѓанските организации кои сакаат да аплицираат за финансиска поддршка од Буџетот на РСМ, потребните документи кои ќе се разгледуваат во процесот административната селекција на проектите, како и посебните програмски критериуми за проценка на квалитетот на проектите. Консултациите се организирани во рамки на програмата *„Одржливо граѓанско општество – државно финансирање на граѓански организации“* имплементирана од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со Балканската мрежа за развој на граѓанско општество (БЦСДН) и Центарот за информирање, соработка и развој на граѓанските организации (ЦНВОС) од Словенија, а финансирана од Европската Унија. Записниците од консултативните средби одржани во Скопје, Битола и Штип се составен дел на овој Извештај.

Врз основа на препораките на Работната група на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, резултатите од online Прашалникот за консултирање на граѓанските организации за подготовка на Предлог - Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2020 година, како и предлозите на претставниците на граѓанските организации учесници на консултативните средби одржани во Скопје, Битола и Штип, Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат предлага:

# ПРЕДЛОГ-ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ
# ЗА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА И ФОНДАЦИИТЕ ЗА 2020 ГОДИНА

1. Промовирање на европските вредности во процесот на пристапување во Европската Унија, унапредување на човековите права и јакнење на владеењето на правото;
2. Воведување на концептот на еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, а особено во областа на образованието (преку еднакво и квалитетно образование за сите и градење на концепт на доживотно учење), здравството, социјалната заштита, работните односи и правосудството;
3. Унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите;
4. Зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност, отчетност и инклузивност преку зголемено учество на граѓаните во донесувањето одлуки, поради подобрување на квалитетот на живеење;
5. Развивање на социјалното претприемништво;
6. Дигитална трансформација при испорака на услуги за граѓаните и бизнисите и подигнување на јавната свест за сајбер безбедност;
7. Подигнување на јавната свест и едукација на населението за значењето на животната средина, намалувањето на влијанијата од климатските промени и постигнување на пониско ниво на емисија на штетни гасови.

## ОСНОВНИ ОРГАНИЗАЦИСКИ КРИТЕРИУМИ

1. Да се регистрирани согласно одредбите на Законот за здруженија и фондации најмалку една година пред објавувањето на огласот,
2. Работењето дејствувањето е насочено кон пошироката јавност и кон интересите на заедницата,
3. Да не добиле средства или поднеле пријава од/до друг орган на државната управа или други извори за иста намена и активности за кои поднесуваат пријава, а што би значело двојно финансирање на истите активности од различни извори.

ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ

1. Пријава за финансиска поддршка,
2. Предлог – проект,
3. Копие од тековна состојба од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на здружението/фондацијата не постара од шест месеци,
4. Копие од статутот,
5. Копие од завршната сметка (биланс на состојба и биланс на успех) за претходната година или изјавата доставена до Централниот регистар дека во претходната година имале приход помал од 2.500 евра во денарска проттивредност според курсот на Народна банка Република Северна Македонија,
6. Извештај за работата со цели, активности, резултати и извори на финансирање во претходната година.

ПОСЕБНИ ПРОГРАМСКИ КРИТЕРИУМИ ЗА ПРОЦЕНКА НА КВАЛИТЕТОТ НА ПРОЕКТИТЕ

| **Области** | **Максимум бодови** |
|---|---|
| **1. Организациски капацитет** | **20** |
| 1.1. Дали здружението/фондацијата има организациска структура и ресурси за спроведување на проектот (вработени, активни волонтери или хонорарно ангажирани лица, канцелариски простор, техничка опрема и способност да раководи со буџетот) | 10 |
| 1.2. Дали здружението/фондацијата има искуство во областа (приоритетната цел) за која се пријавува на огласот | 10 |
| **2. Мрежно работење и соработка** | **5** |
| 2.1. Дали здружението/фондацијата членува во мрежи и платформи на граѓански организации (национални и меѓународни) и во последните 3 години реализирале проекти во соработка со други организации или органи на државната управа | 5 |
| **3. Квалитет на проектот** | **50** |
| 3.1. Колку општата цел на проектот ќе придонесе кон реализацијата на дадената приоритетна цел | 10 |
| 3.2. Колку е кохерентен целокупниот проект и дали содржи јасна заложба за негово спроведување | 10 |
| 3.3. Дали спроведувањето на активностите доведуваат до остварување на предвидените резултати во проектот | 10 |
| 3.4. Дали планот за спроведување е јасен и остварлив | 10 |
| 3.5. Дали постојат јасно дефинирани индикатори за мерење на постигнувањата | 10 |

| | |
|---|---|
| **4. Буџет и ефикасност на трошоците** | 20 |
| 4.1. Дали активностите соодветно се одразуваат во буџетот | 10 |
| 4.2. Дали односот помеѓу предвидените трошоци и очекуваните резултати е соодветен | 10 |
| **5.Бодови за поттикнување на рамномерен регионален развој** согласно Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2018 до 2023 година | 5 |

Подготвила: м-р Елпида Петковска
Контролирала: Сања Савовска
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ- Филиповска